РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03-212/3
08.02.2024 год.
Валандово

Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги
НЕТ ИНВЕСТ ГРОУП ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 03-03/1
08.02.2024 год.
с.Слатина,Теарце

Врз основа на член 119 став 1, точка 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/19 и „Службен весник на РСМ" бр.87/21), член 16 и член 91 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-663/12 од 07.09.2023 година и број на носителот на набавката 03-8111 од 07.09.2023 година, со предмет на набавката: Санација на кров и фасада на Културен центар во Валандово, по Барање на Носителот на набавката заведено под бр.03-212/1-663/23 од 08.02.2024 година, а имајќи ја во предвид согласноста од овластен надзорен орган ДПИТУ „МГ Проект" ДООЕЛ Скопје бр.05-131/1 од 07.02.2024 заведена под бр.03-212/2-663/23 од 08.02.2024 година, договорните страни:

1. **Општина Валандово**, ул. ,,Иво Лола Рибар,, бб, Валандово, со ЕДБ 4003008500464 и ЕМБС 6381871, застапувана од Перо Костадинов, Градоначалник на Општина Валандово. (во понатамошниот текст: „Договорен орган-Инвеститор") од една страна и

2. **Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги НЕТ ИНВЕСТ ГРОУП ДООЕЛ експорт-импорт с.Слатино - Теарце**, со седиште во Слатино, Теарце на ул.101, ЕДБ 4028000125047 и ЕМБС 5454450 застапувано од Одговорно лице Абдилхајдин Етеми, (во понатамошниот текст "Носител на набавката-Изведувач") од друга страна, вршат

## И З М Е Н А
## на Договор за јавна набавка во текот на неговата важност

Член 1

Поради неповолните временски услови (ниски температури и обилни врнежи на дожд) со што дојде до отежнување на изведбата на работите од предметниот договор, околности кои Договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не ја менуваат природата на договорот за јавна набавка, а поради кои носителот на набавката е спречен со реализација на договорот, се врши измена во член 12 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-663/12 од 07.09.2023 година и број на носителот на набавката 03-8111 од 07.09.2023 година, со тоа што се продолжува рокот за завршување на работите за 100 (сто) дена, сметајќи од денот на потпишување на оваа Измена на Договор за јавна набавка во текот на неговата важност, заклучно со 17.05.2024 година.

Член 2

Останатите одредби од Договорот остануваат непроменети.

Член 3

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Договорен орган
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов

Носител на набавката
ДПГТУ НЕТ ИНВЕСТ ГРОУП ДООЕЛ
експорт-импорт с.Слатино Теарце
Одговорно лице
Абдилхајдин Етеми

Изработил:Д.Петковска
Контролирал:А.Трајкова
Одобрил:Ѓ.Аврамски